# "ЌЕРКА"

Ристоска Ана

ЛИЦА:

АЛЕК

ЈАНА

СТЕФАНИЈА

Останатите монахињи:
Анастасија
Јована
Воскресија
Константина
Теодосија
Екатерина
Магдалена
Марија

Сцена во црно-бела техника.
Телоп: 20 години порано.
Панорама на Охрид.
Куќа. Внатре на кревет лежи Стефанија, 20 годишна девојка.
Се пораѓа. Се слуша детски плач. Раце кои држат женско бебе.

Сцена 1
Ноќ. Автопат. Автомобил во движење. Субјективен кадар од Алек, кој го вози автомобилот. Автомобилот осветлува патна табла на која пишува: СТРУМИЦА. Автомобилот, лада со руски таблици продолжува.

Сцена 2
Ден. Пролет. Утро. Село Вељуса. Се слуша кукуригање на петли, кокодакање на кокошки. Гледаме кокошки. Се слушаат ѕвонци од добиток. Во далечина овчар, носи говеда на пасење. Сонцето веќе е изгреано. Сенките се долги. Земјата е озеленета. Манастир "Света Богородица-Елеуса" во близина на селото Вељуса. Дрвена порта, манастир ограден со високи ѕидови. Се слуша звук од автомобил. На патот застанува лада со руски таблици. Од колата излегува Алек, 30 годишен маж. Носи торба на десното рамо. Застанува пред портата од манастирот. Се слуша литургиско пеење. Алек тропа на портата.
Портата ја отвора Стефанија, главна монахиња, жена на околу 40 годишна возраст. Таа е забрадена, и носи долга црна мантија. Алек проба да и се претстави, тој зборува руски.

Алек:

( на руски)

Јас сум Алек Михалков, фоторепортер од Русија.

Алек пружа рака да се поздрави. Стефанија го гледа недоверливо.

Алек:

(на руски)

Не ме разбирате?

Стефанија се врти кон внатрешноста на манастирот, и повторно го погледнува Алек.

Алек:

Журналист.

(на руски)

Новинар од Русија.

Алек почнува да вади нешто од торбата.

Стефанија:

Одете во Водоча, таму е машкиот манастир.

Стефанија се повлекува, со чекор наназад, сака да ја затвори вратата. Алек и покажува книшка, легитимација на која со големи здебелени букви, на руски пишува: "Московски весник". Подоле неговото име: Алек Михалков. Стефанија го гледа кратко и го пушта да влезе.

Сцена 3

Ден. Дворот на манастирот. Право се гледаат конаците, веднаш на почетокот одлево црквата, од каде доаѓа пеењето, а подолу одлево се оди во градината. Алек и Стефанија се движат низ комплексот. Поминуваат покрај црквичето. Алек  го држи погледот кон црквичето и забавува со одот. За целото време се слуша литургиско пеење .

Стефанија не се врти , продолжува право и влегува низ една

врата, Алек влегува по неа.

Сцена 4

Ден. Соба за прием. Во позадина цело време се слуша тивко литургиско пеење. Во собата влегуваат Алек и Стефанија. На ѕидот напред кога ќе се влезе, стои голем дрвен крст. Останатите ѕидови се празни. Голема долга маса со повеќе столови. Се гледа отворена врата од една помала просторија, каде се слуша шум дека има некој.

Стефанија:

Повелете седнете. Чај?...

Алек климнува со главата. Седнува на еден од столовите. Стефанија влегува во помалата просторија. Се слуша шепотење. Алек љубопитно гледа наоколу. Стефанија се враќа и седнува на масата, на еден стол наспроти Алек. Таа му ја подава својата рака.

Стефанија:

Стефанија. Главна монахиња во манастиров.

Алек и Стефанија се ракуваат.

Стефанија:

Велите новинар од Русија?... Што ве донесло овде?...

Алек:

( на руски)

Како фоторепортер...бев во Чеченија, Босна, Косово
а сега и во Македонија...

Јана 20 годишна преубава девојка, монахиња, излегува од малата просторија. Во рацете држи послужавник со тацни за чај. Таа е забрадена. Гледа цело време надолу го остава послужавникот на масата. Алек погледнува во неа.

Стефанија:

( на Алек)

Ова е сестра Јана,

( на Јана)

...Ова е Алек...од Русија.

Јана ја пружа раката. Се поздравува со Алек, потоа ја повлекува. Ги става тацните со чај на масата и го зема послужавникот. Алек гледа во чајот. Јана излегува.

Алек:

Чај?

Стефанија се поднасмевнува.

Алек:

(на руски)

И кај нас, чај.

Стефанија:

(на руски)

Сакате шеќер?

Алек:

(на руски)

...Да, да, знаете руски.

Алек си става шеќер во чајот.

Алек:

(на руски)

Би сакал да го разгледам манастиров.

Стефанија го гледа, молчи. По извесно време.

Стефанија:

Јана ќе ви го покаже комплексов...

Чита одлично старословенски, нема да и биде тешко да ве разбере.

Сцена 5

Гледаме како Јана и Алек излегуваат од собата за прием, и се

упатуваат кон црквичето. Јана носи библија на старословенски јазик во рацете. Јана оди напред, а Алек по неа, вртејќи се наоколу. Од црквичето излегуваат осум девојки монахињи. Тие се забрадени со црни шамии. Кога ќе го видат Алек, нивните лица се збунети, си шепотат нешто едни со други, тие понапред се вртат назад, се почекуваат во одењето со другите, некои се смешкаат. Алек ги гледа, климнува со главата, а потоа забрзува со одот по Јана и влегува во црквичето.

Сцена 6

Мало црквиче. Алек и Јана стојат пред фреска- Успение на Св.Богородица. Во позадина, тивко се слуша црковна музика. Алек ја става раката во својата торба и вади апарат од неа. Јана се свртува нагло, сака да го запре да слика, го допира со раката, но брзо ја трга.

Јана:

Забрането е.

Алек ја погледнува.

Алек:

(на руски)

Никој немора да знае.

Јана прави еден чекор, кон влезната порта и наслушнува. Алек прави фотографија. Јана гледа стаписано во него. Алек продолжува да слика. Се слуша шум од надвор, во близина на вратата од црквичето.

Јана:

Мислам дека некој доаѓа.

Алек прави една по друга неколку фотографии, потоа чепка нешто на апаратот и тргнува кон Јана.

Алек:

( на руски)
Добро, одиме.

Сцена 7
Соба за прием. Монахињите седат на една голема маса.
Стефанија стои и чита на глас од книга на старословенски.

Истата таа книга стои отворена, пред секоја од монахињите на масата.

Сцена 8
Јана и Алек излегуваат од црквичето. Алек продолжува да фотографира и надвор од црквичето. Јана забележува дека една од девојките, монахињи се качува по скалите на конаците.
Јана тргнува кон градината. Запира. Свртена кон Алек му зборува, многу брзо.

Јана:
... Вие, ме разбирате?
Јас не ви дозволив...да сликате.

Проба да објасни, мрда со рацете, тогаш му кажува на руски.

Јана:
( на руски)
Јас сум виновна за се.

На Алек сето тоа му е смешно. Се смее, но престанува кога гледа дека не е во ред. Потоа долго ја гледа, Јана не го издржува погледот ја наведнува главата.

Сцена 9
Ден. Градина во склоп на манастирот. На небото пролетуваат јато птици. Алек и Јана седат на клупа под едно дрво во градината. Од конаците ги гледаат три монахињи. Алек во

рацете држи фотоапарат. Сака да и направи фотографија на Јана.

Алек :

( на руски)

Само една.

Јана се крие со библијата, држејќи ја во раце. Алек се смее. Се слуша звук од фотографски апарат. Јана ѕирка од едната страна, Алек и прави фотографија.

Алек:

(на руски)

На здравје.

Алек со рака проба да и ја тргне библијата. На Јана главата и е наведната. Алек сака да и ја допре главата. Ја приближува раката. Јана ја крева главата, Алек не ја допира, ја спушта раката.

Сцена 10

На конаците каде што стојат трите монахињите се појавува гл. монахиња Стефанија. Таа забележува дека има некој во градината.

Стефанија:

( вознемирено)

Сестра Марија повикајте ја Јана, ве молам.

Две монахињи влегуваат внатре, низ вратата од каде што излезе Стефанија. Марија се симнува по скалите. Стефанија има загрижен поглед. Изустува во себе молитва. Се прекрстува.

Сцена 11

Марија се приближува кон клупата каде што седат Јана и Алек. Јана во тој момент веднаш станува. Од рацете и испаѓа библијата, и бројаницата која таа не ја забележува. Алек се

наведнува и ја крева паднатата Библија.

Марија:

Сестра Јана...

Јана тргнува.

Алек:

(на руски)

Библијата!

Јана се враќа неколку чекори, ја зема книгата и без да каже збор оди со Марија, кон конаците. Јана заминува, без да се сврти. Алек ја гледа бројаницата што и падна. Ја зема во раце. Се исправува, сака да викне, но пак седнува.

Сцена 12

Ден. Пред влезната порта на манастирот. Алек зборува со Стефанија.

Алек:

(на руски)

Ви благодарам сестро Стефанија. Ве замолувам да ми дозволите да ве посетам и друг ден.

Стефанија го гледа недоверливо, не е воодушевена.

Алек:

(на руски)

...Можеби утре после мисата...?

Алек сака да и ја бакне раката.

Стефанија ја трга раката.

Стефанија:

Довидување.

Сцена 13

Ноќ. Хотел "Струмица". Алек стои на балконот од својата соба. Балконот има поглед кон манастирот. Во едниот ќош од

балконот стојат две празни шишиња вотка и струмичка мастика. Долу пред влезот на хотелот има тројца луѓе. Двајца од нив се качени на скала. Тие закачуваат лента бело платно на две бандери, на која пишува:
"Струмички карневал 2002". Алек околу вратот носи фотоапарат. Прави фотографија. Од џебот вади кутија цигари. Пали една цигара.

Сцена 14
Ден. Автомобил лада со руски таблици, се движи по селски пат. Застанува. Од него излегува Алек. Алек стои пред портите од манастирот "Света Богородица"-Елеуса. Се слуша тивко црковно пеење. Алек тропа на портите од манастирот. Стефанија го пушта да влезе. Тој и ја стиска раката, проба да ја прегрне. Стефанија се трга чекор наназад.

Стефанија:

Влезете...

Алек и Стефанија се движат кон конаците. Се качуваат по скалите. Во манастирот е мирно. Алек гледа наоколу, ѕирка низ подотворената врата од собата за прием. Забележува дека ги нема останатите девојки. Седнуваат на чардакот од конаците.

Алек:

(на руски)

Си претставував дека девојките само се молат и читаат.

Стефанија се прави дека не го слушнала.

Стефанија:

До кога сте овде?

Алек:

( на руски)

Уште една недела.

Стефанија:

Значи, ли тоа дека со нас ќе го дочекате
Воскреснувањето Христово?

Алек:

(на руски)

Со задоволство.

Сцена 15

Ден. Се појавуваат девојките монахињи, од задниот дел на манастирот. Се качуваат по скалите на конаците.
Првите две носат корпи во кои има патлиџан и кромид.
Позади друга носи торба со компири. Две носат лонци млеко.
Алек внимателно ја гледа секоја од девојките. Меѓу нив ја нема Јана.

Сцена 16

Соба во која сите монахињи и Алек седат на масата. Стефанија седи на чело на масата. Една од девојките, монахиња го служи ручекот. Во голема земјена тава, принесува посен грав. Друга девојка пред секого става земјена чинија на која се исцртани христијански мотиви. На средина на масата стои тркалезен леб со светиот печат на него. Алек ја гледа крпата што стои до неговата чинија, ја зема во рака, на неа има извезено крст. Пред секого истата девојка што го служи ручекот става чинија зелка, салата. Кога ќе седнат Стефанија го претставува гостинот.

Стефанија:

Алек е наш гостин од Русија.

(на Алек)

Алек ова е сестринството на манастирот.

Стефанија по ред ги насочува со раката, и им ги изговара имињата на девојките.

Стефанија:

Анастасија, Јована, Воскресија, Константина, Екатерина, Теодосија, Магдалена, Марија.

Сите гледајќи достојно пред себе, само климнуваат со главата кога ќе си го слушнат името. Алек станува од местото, оди до кај сестра Стефанија.

Алек:

(на руски)

Јас би можел да направам фотографија.

Стефанија:

Нема потреба од тоа, седнете заедно да се помолиме.

Алек:

(на руски)

Сепак ќе сликам.

Стефанија ги крева рамениците. Се отвора вратата влегува Јана, со бокал вода. Јана го остава бокалот на масата, и седнува на слободниот стол спроти Алек. Алек го зема апаратот од торбата и прави неколку фотографии. Потоа седнува на својот стол. Сите ги спојуваат дланките, почнуваат да кажуваат молитва. Тој слика уште еднаш. На крај се прекрстуваат и почнуваат да јадат. Алек скришно ја погледнува Јана, таа го приметува, но не му возвраќа. Сите како да се ловат со погледи. Јана вртејќи се за нешто друго, ќе го погледне Алек случајно. Другите забележуваат. Некои од монахињите се насмевнуваат, гледаат пред себе, како ништо да не приметуваат. Стефанија гледа во Алек.

Сцена 17

Ноќ. Монашка келија на Јана. Собата ја осветлува слаба сијалица на таванот. На десната страна кревет. До него мало

масиче. На масичето има мала икона од Богородица. Спроти креветот има два прозорци. Пред нив е поставен штафелај. Јана е облечена во бела ноќница. Косата и е пуштена. Јана прави скица за слика. Го црта Исус. Некој тропа на вратата.

Јана:

Слободно.

Влегува Стефанија. И се приближува на Јана. Гледа во сликата. Ја гледа Јана додека црта. Сака да и ја допре косата, но се воздржува, како да не смее.

Јана:

Ми требаат нови маслени бои.

Стефанија:

Ќе испратам некого во градот. Ќе ја довршиш по Велигден. ...Алек, ќе дојде утре пак.

Ја гледа испитувачки.

Стефанија:

Инсистираше ти, да му го објасниш значењето на фреските.

Сцена 18

Ноќ. Хотел "Струмица". Алек зборува на телефон, во близина на рецепцијата. Тој вика кога зборува, зборува руски.

Алек:

(на руски)

Алек Михалков. Поврзете ме со Иван Кузмич.
Да. Иван... Ало! Иване, овде Алек. Од хотел се јавувам.
Не. Останувам уште една недела. Не, не тргам вечерва.
Доаѓам за една недела! Испадна непредвидено да останам. Поздрав.

Алек ја спушта слушалката.

Сцена 19

Ден. Црквичето. Во позадина се слуша црковна музика. Јана и Алек стојат пред Богородица со малиот Исус.

Јана:

Една девојка сонила сон, ... ако ги ископа очите од иконата на светец, ќе има пород. Тоа и го сторила. По неа многу неродки го прават истото. Некој каснуваат од малтерот, мислејќи така ќе забременат, ќе го излечат болниот...

Алек гледа во Јана. Го прати секое нејзино движење, мрдањето на усните додека говори. Алек ја прекинува.

Алек:

Јана, зошто се замонаши?

Јана го гледа, и се насолзуваат очите. Јана ја наведнува главата. Алек гледа збунето. Јана почнува да плаче. Алек ја допира за рамењата. Јана се трга, прави неколку чекори, оставајќи го Алек зад неа.

Сцена 20

Ден. Алек и Јана излегуваат од црквичето. Алек оди по Јана.

Јана:

Можам да ви дадам некои стари книги.

Алек:

(на руски)

Застани.

Алек ја фаќа за раката од позади. Ја задржува. Јана го погледнува. Алек ја прегрнува, го бара нејзиното лице. Таа веднаш го оттргнува, збунето гледа наоколу. На прозорецот од една келија, ја гледаме Стефанија. Таа ги гледа.

Алек:

(на руски)

Јана зошто си тука?

Јана ја врти главата на страна. Молчи.

Алек:

(на руски)

Би можела да...да заминеш со мене за Русија.

Јана тргнува кон конаците без да му одговори.

Алек стои неподвижно и гледа како Јана влегува низ вратата.

Сцена 21

Ноќ . Монашка келија на Јана. Стефанија влегува, ја гледа Јана како слика, свртена со грб.

Јана:

Едноставно... неможам да ја оставам.

Стефанија гледа вчудоневидено, го гледаме нејзиниот зачуден и возбуден израз на лицето.

Стефанија:

Престани да сликаш!

Јана застанува, се свртува кон Стефанија. Сега гледаме што гледа Стефанија, она што е насликано на платното. Го препознаваме ликот на Алек. Неговите црти на лицето.

Стефанија:

... Ти не си свесна што си направила...

Јана збунето гледа во Стефанија, седнува на креветот.

Стефанија долго ја гледа.

Стефанија:

...Една девојка... на твои години се вљуби
во човек ...кој...кој го виде само еднаш и никогаш
повеќе... Роди ќерка...

Стефанија проба да продолжи, неможе. Ја гледа Јана, се созема.

Стефанија:

Подготви се за покајание.

Стефанија излегува од келијата.

Сцена 22

Ноќ. Село Вељуса, Струмица. Луѓе маскирани во долг змеј се движат по улица. Невести, килими што летаат, ѓаволи, попови, војници. Жени играат стомачен танц. Се слуша звук од тапан, гајди. Четири жонглери вртат огнови низ рацете.

Покрај толпата поминуваат две забрадени девојки, монахињи, кои возат точаци, се упатуваат кон градот. Некои од селаните им довикуваат, свиркаат. Се обидуваат да ги застанат.

Во кафеаната покрај улицата, Алек седи на една маса, пие.

Околу него се собрани четири маскирани селани.

Едниот носи маска со ликот на Џорџ Буш, другиот на Тони Блер, третиот на Бин Ладен и четвртиот на Садам Хусеин.

Тие заедно играат казачок.

Алек:

(на келнерот, на руски)

Пријателе!

Му покажува со прстот од раката уште по една пијачка.

Келнерот го донесува пијалакот.

Алек:

(на руски)

По руски.

Тој станува, зазема поза, ја крева чашата и пие на екс.

Истото го прават и четворицата маскирани селани.

Сцена 23

Пладне. Келијата на Јана. Прозорецот е отворен.

Штафелајот е покриен со бело платно. Јана клекната на колена на подот, чита од библијата. Ние директно читаме, библијата е

отворена на страна, каде што е делот Песна над песните:

...Љубовта е долготрпелива, полна со добрина.
Љубовта не завидува, не се превознесува.
Не се гордее, не прави ништо недолично, не бара
свое, не се срди. Не мисли зло.
На неправдата не се радува, а на вистината се радува.

Јана за миг подзастанува. Ја крева главата. Слуша гласови во дворот. Станува да погледне од прозорецот. Низ завесата го гледа Алек кој зборува со Стефанија.

Продолжува во офф гласот на Јана, кој ги довршува стиховите.

Во офф: Се извинува, во се верува, на се се надева, се
претрпува. Љубовта никогаш не престанува.

Сцена 24

Пладне.Дворот на манастирот. Веднаш на влезот, кај портата. Стефанија зборува со Алек.

Стефанија:

Ви забранувам да доаѓате повеќе овде.

Алек:

(на руски)

Дојдов да ја видам Јана.

Стефанија:

Можете да барате девојки во...во селските кафани но не и овде.

Алек:

(на руски)

Не ве разбирам?

Стефанија:

Ја злоупотребивте нашата гостопримливост!

Алек:

(на руски)

Каде е Јана?

Стефанија:

Не сака да ве види повеќе...Таа... отиде во друг манастир.

Стефанија ја наведнува главата, почнува полека да плаче. Алек ја допира за раката Стефанија, и се приближува.

Алек:

( на руски)

Зошто се возбудивте толку, зошто плачете?

Стефанија се гуши во плач.

Стефанија:

Одете си!

Алек долго ја гледа.

Алек:

(на руски)

Не разбирам...Не можам да ве разберам...

Се врти и излегува низ портата.

Сцена 25

Ноќ. Струмица. Фото студио, продавница за развивање слики. Алек држи слики во рацете, ги разгледува, трга на страна една фотографија. Сликата на Јана во градината со библија во раката. Му се обраќа на продавачот.

Алек:

( на руски)

Ве молам, дали може некако... оваа фотографија, да се испрати до утре Велигден, во манастирот во Вељуса. Јас заминувам... многу ќе ми значи.

Продавачот ја зема фотографијата.

Алек:

(на руски)

Многу ви благодарам.

Алек излегува.

Сцена 26

Ноќ. Манастирот Света Богородица-Елеуса. Се слушаат звуци на штурци. Ги гледаме прозорците од келијата на Јана. Се слуша силен врисок ( крик) на Јана. Гледаме како се палат светлата во соседните келии. Келијата на Стефанија, која е на долниот спрат. Три монахињи во ноќници пред вратата на келијата од Стефанија. Излегува Стефанија во ноќница, со ламба во раката, се качуваат по скали. Гледаме забрзани чекори и слушаме тупот по дрвените скали. Кога ќе се искачат, гледаме темен ходник. Тишина.

Телоп:

После една година.

Сцена 27

Ден. Јато птици на небото. Јана и Стефанија седат на конаците. Јана гледа во небото. Ја спушта главата. Гледаме промена во нејзиниот изглед од порано.  Таа е испиена, со бледо лице, пропадната, со замислен, отсутен поглед. Стефанија ја става својата рака на лицето од Јана, ја зема во прегратка.

Стефанија:

Подготви се за вечерната служба.

Сцена 28

Ноќ. Манастир "Св. Богородица- Елеуса". Велигден. На вратата пишува "Христос воскресе". Луѓе насобрани надвор од црквичето, држат свеќи во рацете. Деца дотерани во фустанчиња, се прозеваат, поспани. Едно

дете спие во рацете на мајка си. Свечена миса. Се слуша пеење

од црквичето. Кај олтарот стои свештеник со кандило во раката чита пеејќи од книга што стои на главната маса пред него. Монахињите во еден круг, лево од главната маса со свеќи во рацете пеат. Ја гледаме Јана меѓу нив. На главната маса луѓе оставаат црвени јајца. Едно дете, ја пушта мајка си од рака, и се протнува под масата. Се слуша звук од камбаната.
Свештеникот трипати вели: Христос воскресе.
Луѓето повторуваат по него : Навистина воскресе.
Се прекрстуваат. Гледаме раце на луѓе, кои кршат јајца удирајќи ги едно од друго.

Сцена 29
Ноќ. Русија. Улица слабо осветлена. Се слушаат звуци на штурци. Следиме чекори на улично куче. Тоа се доближува до чекорите на човек, кој оди бавно, влечејќи ги нозете. Во рацете носи шише. Алек се свртува, го гледа кучето кое го душка. Продолжува да оди, кучето застанува. Алек веќе слабо се забележува, кучето тргнува по споредна уличка.

Сцена 30
Ден. Автопат. Автомобил во движење. Субјективен кадар од Алек кој го вози автомобилот. Патна табла на која пишува: СТРУМИЦА.
Автомобилот, лада со руски таблици продолжува.

Сцена 31
Ден. Пролет. Утро. Манастирот "Св.Богородица-Елеуса"
Се слуша кукуригање на петли, кокодакање на кокошки. Гледаме кокошки. Се слушаат ѕвонци од добиток. Во далечина овчар ги носи говедата на пасење. Сонцето веќе е изгреано. Сенките се долги. Наоколу земјата е озеленета. Се слуша звук

на автомобил. Дрвена порта, манастир ограден со високи ѕидови. Се слуша литургиско пеење. Рака со бројаница во дланката, тропа на портата од манастирот. Портата ја отвора Јана. Алек и Јана долго се гледаат.